**ЗАПИСНИК**
**од 49-та седница на Советот**
**одржана на 31.10.2012 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Трајчевски, м-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, Бранко Радовановиќ, м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, м-р Методија Јанчески, Лазо Петрушевски, м-р Васко Петревски, Замир Мехмети, Селадин Џезаири, Столе Наумов, Селвер Ајдини, Антонио Јовановски, Методи Стоименовски

**Отсутни членови на Совет:** /

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, м-р Емилија Јаневска, Магдалена Давидовска – Довлева, Горан Радуновиќ, м-р Драгица Љубевска, Арбен Саити, Јетон Исмаили, Ивона Муфишева – Алексовска, Луција Ѓурковиќ, и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

Јован Митевски, консултант за изработка на Планот за намена и распределба на преносни капацитети на дигитален терестријален мултиплекс и изработка на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност во периодот 2013-2017 година.

**Присутни новинари:** Соња Казиовска од Дневник, Мирослава Симоновска од Фокус, Дарко Чекеровски од ТВ Телма, Ацевски Огнен од ТВ Телма, Шкелзен од ТВ Алсат.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски ја отвори 49-та седница на Советот за радиодифузија на РМ. По однос на дневниот ред, предложи да се дополни, и точка 3 да биде "Информацијата во врска со промената на сопственичката структура на правното лице АЛФА СКОП ДОО, кое е основач на сателитската телевизија ТВ Алфа и регионалната телевизија ТВ Скопје". Предлогот беше едногласно усвоен.

Други предлози за дополнување и измена на дневниот ред не беа понудени. Советот едногласно, го усвои следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Усвојување на Записникот од 46-та седница на Советот, одржана на 17.10.2012 година.
2. Нацрт-План за намена и распределба на капацитетите на дигиталните мултиплекси.
3. Информација во врска со промената на сопственичката структура на правното лице АЛФА СКОП ДОО, кое е основач на сателитската телевизија ТВ Алфа и регионалната телевизија ТВ Скопје.
4. Информација во врска со плаќањето на надоместокот за дозволата за врешење радиодифузна дејност за трговските радиодифузни друштва за кои беше иницирана постапка за одземање на дозволата.
5. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво „Канал 5“ ДООЕЛ Скопје реализиран во периодот од 24 до 30 септември 2012 година (Анализа на форматот).
6. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво „Телевизија Макпетрол“ ДООЕЛ Скопје (ТВ Телма) реализиран во периодот од 24 до 30 септември 2012 година (Анализа на форматот).
7. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво „Телевизија Сител“ ДООЕЛ Скопје реализиран во периодот од 24 до 30 септември 2012 година (Анализа на форматот).

8. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво „Алсат – М“ ДОО Скопје реализиран во периодот од 24 до 30 септември 2012 година (Анализа на форматот).

9. Информација во врска со отворената стечајна постапка на Трговското радиодифузно друштво ,,РАДИО РОСА” ДООЕЛ Кочани, објавена во „Службен весник на РМ“ во месец октомври 2012 година.

10. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа Записникот од 46-та седница на Советот, одржана на 17.10.2012 година.

Советот, едногласно, со 15 гласа „за“ го усвои Записникот од 46-та седница на Советот, одржана на 17.10.2012 година, во текстот како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа Нацрт-Планот за намена и распределба на капацитетите на дигиталните мултиплекси.

Раковoводителот на Секторот за технологии и информатика, објасни дека Нацрт-Планот за намена и распределба на капацитетите на дигиталните мултиплекси е обврска на Советот која произлегува од Законот за електронски комуникации. Со него Советот за радиодифузија е должен да ги регулира содржините на мултиплексите кој во иднина ќе емитуваат дигителен сигнал, односно дигитална телевизија. Со Планот се дефинирани минималните стандарди кои треба да се пренесуваат преку мултиплексите и се определува намената и распределбата на преносни капацитети на дигитален терестријален мултиплекс. Со него се предвидуваат зони за распределба и распределба на фрекфенциски канали по мултиплекси, според критериуми дефинирани во планот.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, се јави за дискусија со конкретна забелешка во однос на предложениот Нацрт-План. Имено во член 3 од Нацрт-Планот, каде се дефинирани одделни изрази кои се употребени во него, во точка 4, предложи малку поинаква дефиниција, која според него ќе биде подобра од предложената. Наместо „*Еднофреквенциска мрежа* (*Single Frequency twork - SFN*) е мрежа во која се користи иста фреквенција - фреквенциски канал на повеќе локации во иста зона на распределба (синхронизирана мрежа)“, да гласи „ *Еднофреквенциска мрежа* (*Single Frequency Network - SFN*) е радиодифузна мрежа во која повеќе предаватели симултано испраќаат ист сигнал преку ист фреквенциски канал во иста зона на распределба “.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, предложи во преодните и завршни одредби од Планот да се додаде дека тој ќе се применува од 1 јуни 2013. Исто така присутните новинари ги информираше дека за нивна подетална информација Секторот за технологии и информатика има подготвено кратка презентација, во насока на појаснување на Нацрт-Планот и ги замоли по завршувањето на седницата да ја побараат.

Советот едногласно го усвои предложениот Нацрт-План за намена и распределба на капацитетите на дигиталните мултиплекси, со две забелешки по предлог на Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски: во однос на евентуално спојување на две зони (од технички и од правен аспект), и во однос на расчистување на состојбата со Зоната Скопје.

Советот го задолжи Секторот за технологии и информатика да договори состаноци со претставници на АЕК, Македонска радиодифузија и операторот ONE во однос на Нацрт-Планот за намена и распределба на капацитетите на дигиталните мултиплекси.

**Точка 3**

Советот ја разгледа Информацијата во врска со промената на сопственичката структура на правното лице АЛФА СКОП ДОО, кое е основач на сателитската телевизија ТВ Алфа и регионалната телевизија ТВ Скопје. Според податоците од Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, на ден 25.06.2012 година, извршена е промена на сопственичката структура на Трговското друштво со ограничена одговорност за промет и услуги АЛФА СКОП ДОО експорт-импорт од Скопје, кое се јавува како основач на два радиодифузери: Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ од Скопје, со дозвола за вршење радиодифузна дејност – телевизија преку сателитски предавател и Трговско радиодифузно друштво ТВ Скопје ДОО од Скопје, со дозвола за вршење радиодифузна дејност – телевизија на регионално ниво.

Членот на Советот, Столе Наумов, во однос на промената на сопственичката структура на правното лице АЛФА СКОП ДОО, рече дека во краток временски период обврска на Советот е да ја провери евентуалната недозволена медиумска концентрација и усогласување со член 11 од Законот. Исто така наведе дека кога правни лица се сопственици на телевизијата тогаш немаат обврска да бараат од Советот одобрение за промена на сопственичката структура. Фирмата може да биде каде сака регистрирана, но сепак мора да има и физичко лице, а во Законот е забрането скриено содружништво кога станува збор за медиум. Како забелешка наведе дека во иднина е потребна побрза информација од страната на радиодифузерите кога станува збор за ваков вид информација.

Советот ја усвои предложената Информација во врска со промената на сопственичката структура на правното лице АЛФА СКОП ДОО, кое е основач на сателитската телевизија ТВ Алфа и регионалната телевизија ТВ Скопје.

Советот едногласно одлучи да побара од Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ од Скопје и од Трговско радиодифузно друштво ТВ Скопје ДОО од Скопје, да доставaт документ за регистрација во соодветниот регистар на Република Србија, од кој може да се добијат сознанија за основачот/ите и управителот на ЦХС ДОО Белград, Србија (не постар од 7 дена од денот на доставувањето, во оригинал и преведен на македонски јазик од овластен судски преведувач). Доколку и ова правно лице, е основано од друго правно лице, потребно е да се достави документ за регистрација во соодветниот регистар на земјата во која е регистрирано, од кој може да се добијат сознанија за основачот/ите и управителот (не постар од 7 дена од денот на доставувањето, во оригинал и преведен на македонски јазик од овластен судски преведувач).

**Точка 4**

Советот ја разгледа Информацијата во врска со плаќањето на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност за трговските радиодифузни друштва за кои беше иницирана постапка за одземање на дозволата.

Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи објасни дека Советот за радиодифузија на 44-та седница одржана на 10 октомври 2012 година, врз основа на член 63 став 1, алинеја 4, а согласно член 64 од Законот за радиодифузната

дејност, инициарше постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност, на 4 (четири) трговски радиодифузни друштва, кои во рокот утврден во дозволата не го платиле надоместокот за дозволата. Надоместокот заклучно со 24 октомври 2012 година во целост го платиле 3 трговски радиодифузни друштва и тоа : ТРД Радио Македонска Каменица - Македонска Каменица, ТРД Телевизија Канал 8 - Кочани и ТРД Радио Пулс Неготино.

Трговското радиодифузно друштво ТРД Енергу Радио - Струга на 24 октомври доставил писмен доказ (уплатница) дека извршил уплата на надоместокот, меѓутоа средствата се уште не се пристигнати на жиро сметката на Советот.

Согласно презентираната содржина од предметната информација, Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, предлог-заклучокот од истата го стави на гласање.

Советот ја усвои Информацијата во врска со плаќањето на надоместокот за дозвола за вршење радиодифузна дејност од страна на трговските радиодифузни друштва за кои беше иницирана постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на 10 октомври 2012 година.

Советот, согласно член 23, став 3 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Советот за радиодифузија на РМ, за трговските друштва ТРД Радио Македонска Каменица, ТРД Телевизија Канал 8 Кочани, ТРД Радио Пулс Неготино, за кои беше иницирана постапката за одземање на дозволата врз основа на член 63 став 1, алинеја 4, а согласно член 64 од Законот за радиодифузната дејност, едногласно донесе Заклучок за запирање на иницираната постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на трговските друштва ТРД Радио Македонска Каменица , ТРД Телевизија Канал 8 Кочани, ТРД Радио Пулс Неготино, поради тоа што радиодифузерите надоместокот заклучно со 24 октомври 2012 година во целост го исплатиле.

Трговското радиодифузно друштво ТРД Енергу Радио- Струга на 24 октомври доставил писмен доказ (уплатница) дека извршил уплата на надоместокот, меѓутоа средствата се уште не се пристигнати на жиро сметката на Советот.

Врз основа на доставеното известување од негова страна, се работи за грешка извршена од страна на уплатувачот. Во наведениот случај се предлага најдоцна за 7 дена (краен рок 7 ноември 2012 година) дена да се исправи наведената грешка. Доколку до тој рок средствата не пристигнат на жиро сметката на Советот за радиодифузија, да се одземе дозволата согласно иницираната постапка за одземање на дозволата.

**Точка 5**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво „Канал 5“ ДООЕЛ Скопје реализиран во периодот од 24 до 30 септември 2012 година (Анализа на форматот).

Раководителот на Секторот за програмски работи објасни дека програмскиот сервис на државно ниво ТВ Канал 5 според дозволата за вршење радиодифузна дејност, е сервис со претежно забавен општ формат. Согласно одредбите од Правилникот за форматите на радио и на телевизиските програмски сервиси, сервисите од општ формат, во кој застапените видови програми претежно остваруваат една од трите медиумски функции, во вкупната програма што се класифицира според медиумската функција во текот на седмицата, функцијата што претежно се остварува (во случајов забавната функција) не смее да биде застапена со помалку од 50% ниту со повеќе од 65%, а ниту една од другите две функции (информативна и образовна) не смее да биде застапена со помалку од 5%. Исто така објасни дека Според податоците од

мониторингот спроведен во периодот од 24 до 30 септември 2012 година, ТВ Канал 5 е во рамките на форматот.

Советот едногласно го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво „Канал 5" ДООЕЛ Скопје, реализиран во периодот од 24 до 30 септември 2012 година (Анализа на форматот).

Според податоците од мониторингот спроведен во периодот од 24 до 30 септември 2012 година, ТВ Канал 5 е во рамките на форматот, односно во согласност со програмските услови од дозволата за вршење радиодифузна дејност. Констатиран е следниот распоред на медиумски функции: 55,96% програми со забавна функција, 28,46% програми со информативна функција и 15,58% програми со образовна функција.

**Точка 6**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво „Телевизија Макпетрол" ДООЕЛ Скопје (ТВ Телма) реализиран во периодот од 24 до 30 септември 2012 година (Анализа на форматот). Раководителот на Секторот за програмски работи, објасни дека програмскиот сервис на државно ниво ТВ Телма, е сервис со претежно забавен општ формат. Но, рече дека со емитуваните 68.93% програми коишто исполнуваат забавна функција во рамки на вкупната програма што се класифицира, ТВ Телма го надминува максимално дозволениот лимит од 65%, кон кој треба да се придржуваат програмските сервиси коишто имаат дозвола за претежно забавен општ формат, со што отстапува од форматот. Другите две медиумски функции, образовната и информативната, се во согласност со условите пропишани за форматот на кој припаѓа ТВ Телма, односно ниту една од двете функции не треба да биде застапена со помалку од 5%. Согласно анализата, образовната функција е застапена со 17.57%, а информативната со 13.50%.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека е изненаден, затоа што смета дека ТВ Телма во споредба со другите телевизии на државно ниво во РМ, емитува повеќе документарна и информативна од забавна програма, но извештајот од мониторингот покажал поинакви податоци. Сепак рече дека смета дека станува збор за многу мал процент или како што рече, се емитувала 10 минути повеќе забавна програма отколку што било потребно. Исто така, рече дека сето тоа е во зависност и од денот во кој е анализирана програмата и како пример наведе дека можеби вестите биле пократки од вообичаеното за некоја минута. Рече дека според него,треба Советот треба да им укаже за отстапувањето од форматот.

Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво „Телевизија Макпетрол" ДООЕЛ Скопје (ТВ Телма), реализиран во периодот од 24 до 30 септември 2012 година (Анализа на форматот).

Советот едногласно одлучи на ТРД „Телевизија Макпетрол" ДООЕЛ Скопје (ТВ Телма), да му упати укажување за утврденото отстапување од форматот за кој што му е доделена дозволата за вршење радиодифузна дејност, бр.07-1936/1 од 18.06.2007 година, како и да му се укаже за потребата во најкраток можен рок по добивање на укажувањето да го усогласи форматот на неговиот програмски сервис со форматот за кој му е доделена дозволата - телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на кој начин радиодифузерот ќе го усогласи своето работење со Законот за радиодифузната дејност и Правилникот за форматите на радио и на телевизиските програмски сервиси.

По предлог на Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, Советот го задолжи Секторот за програмски работи во најбрз временски период да реализира контролен мониторинг на програмата на ТРД „Телевизија Макпетрол" ДООЕЛ Скопје (ТВ Телма), односно да направи анализа на форматот.

**Точка 7**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво „Телевизија Сител" ДООЕЛ Скопје реализиран во периодот од 24 до 30 септември 2012 година (Анализа на форматот).

Раководителот на Секторот за програмски работи, објасни дека програмскиот сервис на државно ниво „Телевизија Сител" ДООЕЛ Скопје, согласно дозволата за вршење радиодифузна дејност е сервис со претежно забавен општ формат. Според податоците од мониторингот спроведен во периодот од 24 до 30 септември 2012 година, ТВ Сител е во рамките на утврдениот формат.

Советот едногласно го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво „Телевизија Сител" ДООЕЛ Скопје, реализиран во периодот од 24 до 30 септември 2012 година (Анализа на форматот).

Според податоците од мониторингот спроведен во периодот од 24 до 30 септември 2012 година, ТВ Сител е во рамките на утврдениот формат, односно е во согласност со програмските услови од дозволата за вршење радиодифузна дејност. Констатиран е следниот распоред на медиумските функции: 62.79%, програми со забавна функција, 14.96% програми со информативна функција и 22.25% програми со образовна функција.

**Точка 8**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво „Алсат – М" ДОО Скопје реализиран во периодот од 24 до 30 септември 2012 година (Анализа на форматот).

Раководителот на Секторот за програмски работи, објасни дека според дозволата за вршење радиодифузна дејност, телевизискиот програмски сервис на национално ниво ТВ Алсат-М е сервис од – општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции. „*Правилникот за форматите на радио и на телевизиските програмски сервиси*", пропишува во ваквиот ТВ-формат секоја од трите медиумски функции – забавната, информативната и образовната – да биде застапена со најмалку 30% во вкупната програма што се класифицира според медиумската функција во текот на една недела. ТВ Алсат-М отстапува од форматот утврден во дозволата за вршење радиодифузна дејност. Со мониторингот е утврден следниот распоред на медиумски функции: забавна функција – 42,62%, информативна функција - 27,48%, и образовна функција – 29,9%.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека се работи за релативни бројки, односно можеби денот кога е направен мониторингот е врзан со помалку или повеќе емитувани настани. Отстапувањата кај ТВ Алсат М според него не се драстични и можат лесно да се усогласат на ниво на потребните проценти. Тој предложи и на ТВ Телма и на ТВ Алсат М да им се даде еден период за ја прилагодат програмата согласно Законот и подзаконските акти и да им се укаже за отстапувањето од форматот.

Членот на Советот, Столе Наумов, потсети дека во анализата на форматот влегуваат и репризните изданија на емисиите, играната програма и сл. Минималните 3% кои недостасуваат од образовната програма на пример може да се надоместат со емитување на една реприза, кое ќе ја промени структурата односно распоредот на медиумските функции.

Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво „Алсат-М“ ДОО Скопје, реализиран во периодот од 24 до 30 септември 2012 година (Анализа на форматот).

Советот едногласно одлучи на РМ на ТРД „АЛСАТ-М“ ДОО Скопје (ТВ Алсат М), да му упати укажување за утврденото отстапување од форматот за кој што му е доделена дозволата за вршење радиодифузна дејност, бр.07-1935/1 од 18.06.2007 година, како и да му се укаже за потребата во најкраток можен рок по добивање на укажувањето да го усогласи форматот на неговиот програмски сервис со форматот за кој му е доделена дозволата – телевизиски програмски сервис од општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на кој начин радиодифузерот ќе го усогласи своето работење со Законот за радиодифузната дејност и Правилникот за форматите на радио и на телевизиските програмски сервиси.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи во најбрз временски период да реализира контролен мониторинг на програмата на Трговското радиодифузно друштво „Алсат-М“ ДОО Скопје, односно да направи анализа на форматот.

**Точка 9**

Советот ја разгледа Информацијата во врска со отворената стечајна постапка на Трговското радиодифузно друштво ,,РАДИО РОСА” ДООЕЛ Кочани, објавена во „Службен весник на РМ“ во месец октомври 2012 година.

Вишиот соработник од Секторот за правни работи ја објасни Информацијата во однос на Радио Роса и рече дека Советот за радиодифузија на РМ, на 33-та (јавна) седница одржана на 22 август 2012 година, ја усвои предложената Информација во врска со следење на започнатата претходна стечајна постапка на ТРД ,,РАДИО РОСА” ДООЕЛ Кочани, при што го задолжи Секторот за правни работи по објавувањето на Решението за отворање на стечајна постапка да го пријави побарувањето на Советот (како доверител), врз основа на член 69 од Законот за стечај, согласно кој член се дава рок од 30 дена од денот на објавувањето на Решението во Службен весник на РМ за пријава на побарувањата кај стечајниот управник. Секторот за правни работи, во континуитет ја следел започнатата стечајна постапка на ТРД ,,РАДИО РОСА” ДООЕЛ Кочани, со цел да го пријави побарувањето во износ од 16.828,00 денари. На ден 10 октомври 2012 година, Основниот суд во Кочани објави Решение Ст.бр.196/12 од 02.10.2012, во ,,Службен весник на РМ” бр.126/2012, со кое се отвора, стечајна постапка над должникот ТРД ,,РАДИО РОСА” ДООЕЛ Кочани, но не се спроведува поради немање имот на должникот. Стечајната постапка над должникот се заклучува. Со оглед на донесеното Решение за заклучената стечајна постапка, нема законски услови Советот да го наплати своето побарување во износ од 16.828,00 денари, по фактура бр.109/2011 година. По таа основа Секторот за правни работи предложи и предлог-одлука која е составен материјал за седницата.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, запраша дали предложената одлука е во согласност со Законот? Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи потврдно одговори, бидејќи ги презеле сите законски можности, меѓутоа стечајната постапка воопшто не се спроведува поради немање имот на субјектот.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, предлог-заклучокот го стави на гласање.

Советот ја усвои предложената Информација во врска со отворената стечајна постапка на Трговското радиодифузно друштво ,,РАДИО РОСА” ДООЕЛ Кочани, објавена во „Службен весник на РМ“ во месец октомври 2012 година.

На 10 октомври 2012 година, Основниот суд во Кочани објави Решение Ст.бр.196/12 од 02.10.2012, во ,,Службен весник на РМ” бр.126/2012, со кое се отвора,

стечајна постапка над должникот ТРД ,,РАДИО РОСА" ДООЕЛ Кочани, но не се спроведува поради немање имот на должникот и стечајната постапка над должникот се заклучува.

Советот, со оглед на горенаведеното, донесе едногласна Одлука за отпис од сметководствената евиденција на Советот за радиодифузија на РМ, на неплатеното побарување во вкупен износ од 16.828,00 денари со вклучен ДДВ, по фактура бр.109/2011 година од 30.05.2011 година, на ТРД ,,РАДИО РОСА" ДООЕЛ Кочани.

Советот го задолжи Секторот за економско-финансиски работи од сметководствената евиденција на Советот за радиодифузија на РМ да го отпише неплатеното побарување во вкупен износ од 16.828,00 денари со вклучен ДДВ, по фактура бр.109/2011 година од 30.05.2011 година, на ТРД ,,РАДИО РОСА" ДООЕЛ Кочани.

За отпис на побарувањето, се плаќа и данок на добивка при поднесувањето на даночниот биланс за 2012 година.

Отписот на наведеното побарување да се изврши заклучно со периодот до 31.12.2012 година.

**Точка 10**
**Разно**

- Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Извештај од состанокот на регионалните регулаторни тела во Белград на тема: "Регулирање на емитувањето програма преку кабел: искуства и перспективи", подготвен од членовите на Советот, м-р Борис Арсов и Столе Наумов и Владимир Ѓорѓиески, Соработник во Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторските и сродните права
- Советот го разгледа предложениот Извештај од мониторингот на филмот „Jackass 2", емитуван на 16 и на 17 октомври 2012 година, на програмскиот сервис ТВ Канал 5 Плус ДОО Скопје.

Раководителот на Секторот за програмски работи објасни дека Анализата е направена по поплака од гледач, на официјалната електронска адреса на СРД испратена на 16 октомври 2012 година. Гледачот протестира поради (цитат): „*Невидена неодговорност на уредувачката политика. (...) Остро протестирам оваа емисија да се прекине, а вие (Канал 5 плус) да му дадете на народот јавно извинување, за изборот на вакви содржини за телевизија.(...)*" Филмот „Jackass 2", значи интегралната, нецензурирана целина, емитуван на ТВ Канал 5 плус, произведен е во 2006 година, како копродукција на „MTV Films" и на „Dickhouse Production", во дистрибуција на „Paramount Pictures". Материјал е составен од педесетина меѓусебно неповрзани, нецензурирани сцени на реалистично прикажано садо-мазохистичко изживување до граници на телесна и на психолошка издржливост. Самоповредувањето и повредувањето на другиот кој на тоа се согласил – во овој филм е единствената цел, цел сама за себе која нема, ниту пак може да има каква било друга смисла токму затоа што се работи за апсолутно ирационални чинови кои го подложуваат човековото тело на ризик, не само од физичко повредување, туку и пред јавен, порнографски приказ на понижување. Сите сцени се снимени со фокусиран, крупен план, преку кој експлицитно се бележат последици од физички повреди, како и глетки на - повраќање, дефекација, уринирање, или јавно соблазнување анонимни лица преку методот на „скриена камера".

Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на филмот „Jackass 2", емитуван на 16 и на 17 октомври 2012 година, на програмскиот сервис ТВ Канал 5 Плус ДОО Скопје.

Советот, едногласно одлучи да испрати допис до ТВ Канал 5 Плус ДОО Скопје, со кој ќе му укаже на фактот дека севкупниот аудио-визуелен материјал на филмот

„Jackass 2" е целосно, по сите основи – и како садистички и како порнографски - спротивен на одредбите опфатени со членот 70, што значи дека не е за јавно телевизиско прикажување и тој не може да се смета за материјал подложен на каква било дополнителна класификација според член 71 од ЗРД и Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој, и да му укаже дека во иднина никогаш повеќе на програмата на ТВ Канал 5 Плус ДОО Скопје, не треба да се емитуваат ваков тип на емисии.

**Бр. 02-5395/12**
**15.11. 2012 година**
**Скопје**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**Претседател,**

**м-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработила: Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*